Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

17 Ноември, 2022

Архивски број : 21 – 5930/10

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски упатува и го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## За организирање на
## ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА СО ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW, ВО КО М'ГЛЕНЦЕ И КО МАЛОТИНО, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Се организира Стручна расправа со јавна презентација по Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет на 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет на 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 04.12.2022 година до 03.01.2022 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и општина Старо Нагоричане.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Стручната расправа ќе се одржи на 11.01.2023 (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.

Учесниците во стручната расправа можат да ги достават своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Република Северна Македонија Министерство за транспорт и врски Скопје · Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Transportit dhe Lidhjeve Shkup

**изработил/одобрил:**
**Помошник раководител на**
**Сектор за уредување на просторот – Илина Лалкова, диа**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk